**20170320520**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.3.2017 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2017 ГОДИНА**

Член 1 Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.192/16) во членот 3 став (4) зборовите „15 март 2017 година“ се заменуваат со зборовите „30 март 2017 година“, а зборовите „25 март 2017 година“ се заменуваат со зборовите „30 март 2017 година“.

Член 2 Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1079/1
14 март 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров,** с.р.